**Триглав Осигурување АД, Скопје**
бул. 3-та Македонска Бригада бр. 36
1000 Скопје

triglav

# Посебни услови за осигурување крапови

УС-жив-кра
16-1-мк

## член 1: предмет на осигурување

[1] Предмет на осигурување по овие Посебни услови се здрави крапови наменети за приплод и гоење во должина од најмалку 10 см, кои се одгледуваат во објектите (рибогоилишта) изградени за таа намена.
[2] Осигуреникот е должен да ги осигури сите крапови способни за осигурување.

## член 2: осигурени опасности

[1] Осигурувачот има обврска да надомести штета предизвикана со пцовисување на осигурените крапови поради болест или несреќен случај.
Во смисла на овие Посебни услови како несреќен случај се смета:
1) труење,
2) удар од гром,
3) затнување на доводните канали или мрежи и
4) замрзнување на водата, доколку биле преземени сите превентивни мерки.
[2] Ако е посебно договорено и е платена дополнителна премија, осигурувачот има обврска да ја надомести штетата настаната со бегање на рибите поради поплава.

## член 3: опасности кои не се опфатени со осигурувањето

[1] Со осигурување не се опфатени опасностите настанати поради:
1) земјотрес, воени настани, демонстрации и манифестации;
2) задушување како последица на недостиг на вода во објектите, истекување на водата, недоволно влевање на вода, намерно испуштање на вода од објектот, замрзнување на водата а не се направени отвори, ако во објектот има поголема количина на риби отколку што дозволува неговиот капацитет;
3) селекција поради физички изглед или оштетување;
4) уништување на рибите по наредба на надлежен орган заради сузбивање на болести;
5) пцовисување настанато како последица на непреземање ветеринарно-санитарни мерки предвидени со закон или друг акт донесен врз основа на закон, а во случаи кога надлежниот орган не донел наредба за уништување;
6) неправилна и недоволна исхрана или исхрана со штетна храна по вина на осигуреникот;
7) ненавремено лекување или пропусти во спроведување на зоохигиенскиот минимум;
8) груба немарност на осигуреникот или намерни штети причинети од осигуреникот или лицето на кого му ја доверил грижата за рибите;
9) за време на транспорт;
10) уништување на рибите од животни или птици;
11) бегање на рибите од рибогоилиштето поради поплава, доколку не е поинаку договорено.

## член 4: сума на осигурување

[1] Сумата на осигурување е вредноста која се добива кога тежината на краповите ќе се помножи со договорената цена по 1 килограм жива мера.
[2] Сумата на осигурување не може да биде поголема од пазарната вредност.

## член 5: пресметка на премијата

[1] Краповите во посебниот процес на одгледување или гоење се осигурени во полн износ врз основа на договорена цена за килограм жива мера, односно пазарна цена ако договорената цена е повисока од пазарната.
[2] При склучување на осигурувањето се издава полиса врз основа на предвидениот број и тежината на краповите во тековната година или врз основа на податоците од претходната година, и се пресметува годишната премија која осигуреникот треба да ја плати при склучување на осигурувањето.

## член 6: место на осигурување

[1] Место на осигурувањето е објектот, во кој се наоѓаат краповите, кое во полисата е наведено како место на осигурување.

## член 7: обврски на осигуреникот

[1] Осигуреникот е должен да ги преземе сите заштитни мерки против заразни, паразитски и одгледувачки болести.
[2] Осигуреникот е должен да обезбеди постојана ветеринарна контрола на осигурените риби, и во случај на појава на болест да побара ветеринарна помош и да се придржува кон упатствата дадени од ветеринарот, да преземе потребни мерки за спречување на штетите и намалување на нивната големина.
[3] Осигуреникот има обврска да води точна евиденција од која може да се види: денот кога е започнато гоењето на краповите, односно приплодот, број, должина и тежина на рибите по објекти, дневно и месечно пцовисување (број и тежина) на одделни риби, број и тежина на продадени риби и друго.
[4] Рибогоилиштето мора да ги има следните податоци:
а) ознака на базенот;
б) број и тежина на краповите, дневно и месечно;
в) број и тежина на краповите кои без оглед на причините се отстранети од објектот – базенот;
г) книга за температурата на водата и воздухот;
д) книга со податоци за количеството на кислород во водата;
ѓ) книга со податоци за исхраната;
е) книга со податоци за употреба на лекови, лекување и анализи;
ж) евиденција за хемиска и бактериолошка анализа на водата.

## член 8: почеток и престанок на обврската на осигурувачот

[1] Обврската на осигурувачот во поглед на надоместокот на штета по основа на осигурувањето почнува во 24:00 часот на 14-тиот ден од денот кој во полисата е назначен како почеток на осигурувањето, ако на тој ден е платена премијата, доколку не е поинаку договорено.
[2] Обврската на осигурувачот во поглед на надоместок на штета престанува во 24:00 часот на денот кој во полисата е назначен како ден на истек на осигурувањето, ако не е поинаку договорено.
[3] Ако осигурените крапови до 24:00 часот од 14-тиот ден (за времетраење на каренцата) се разболат и не оздрават до истекот на тој рок, каренцата се продолжува за сите крапови додека болеста не престане, за што осигуреникот е должен да поднесе

ветеринарна потврда дека се здрави.
Каренцата се применува и при појава на труење и задушување на рибите, како и при поплава, односно порои.

## член 9: утврдување и пресметка на штета

[1] Настанатата штета се утврдува на местото на настанувањето.
[2] Утврдувањето на штетата го вршат претставник на осигуреникот и осигурувачот.
[3] При утврдување на штетата се утврдуваат околностите под кои настанала, причината и висината на штетата. По потреба материјал (риби, вода и др.) се доставува на анализа во овластена институција заради утврдување на причината за штетата.
[4] Висината на штетата се пресметува врз основа на тежината на пцовисаните крапови и договорената цена по 1 килограм жива мера.

## член 10: заштитни мерки и обврски на осигуреникот во случај на незгода и болест

[1] Осигуреникот е должен во објектите (базените и рибниците), да ги спроведе сите пропишани заштитни и превентивни мерки против заразни, одгледувачки и паразитски болести кај краповите.
[2] Осигуреникот треба да обезбеди постојана ветеринарна контрола на осигурените крапови, а во случај на заболување или незгода да ги почитува упатствата на ветеринарот и да ги преземе сите потребни мерки за спречување, односно намалување на штетата.
[3] Ако осигуреникот ги прекршува горенаведените обврски, осигурувачот нема никаква обврска за исплата на штета, ако таа настанала како последица од непридржување кон наведените мерки.

## член 11: примена на општите услови за осигурување животни

[1] За осигурувања склучени по овие Посебни услови се применуваат и одредбите од Општите услови за осигурување животни, ако не се во спротивност со нив.
[2] Овие Услови влегуваат во сила со денот на донесувањето.
[3] Со влегување во сила на овие Услови, престануваат да важат Посебните услови за осигурување на крапови од 28.06.2002 година.